Бр: 13 - 49 / ________
Скопје: ________

Врз основа на член 9, член 10 и член 11 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24) како и член 97 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi – членови, на седница одржана на ден 04.07.2025 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

за исправка на технички грешки во решение бр. 13-49/27 од 09.06.2025 година

1. Се врши исправка на технички грешки во решението бр. 13-49/27 од 09.06.2025 година на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, и тоа:
- Во точка 3 од решението со бр.13-49/27 од 09.06.2025 година, зборовите „точка 2) и точка 3)“, се заменуваат со зборовите „точка 1) и точка 2)“;
- Во правната поука од решението со бр.13-49/27 од 09.06.2025 година, зборовите „осум (8)“, се заменуваат со зборовите „триесет (30)“.
2. Во останатиот дел решението останува непроменето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 09.06.2025 година, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница донесе решение бр. 13-49/27 од 09.06.2025 година. Во донесеното решение од страна на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, при негово пишување, настанати се очигледни технички грешки во формулацијата на точка 3 и правната поука. Во точка 3 погрешно се наведени точки „2) и 3)“ наместо „1) и 2)“, а во правната поука е наведено неправилно времетраење на рокот за поведување управен спор („осум (8)“ наместо „триесет (30)“ дена).
Согласно член 97 од Законот за општата управна постапка, органот има право да изврши исправка на вакви очигледни писмени и технички грешки, без притоа да се менува суштината на управниот акт. Овој заклучок има за цел само да ја отстрани таа нејаснотија и не влијае на основот за негово донесување, ниту пак на содржината на првично донесеното решение. Како резултат на горенаведеното, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**